РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-1537/1
09.04. 2021 г.

# Годишен план за спречување на корупцијата 2021

## ОПШТИНА ВЕЛЕС

Март 2021 година

## ВОВЕД

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“, а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин наживеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Сметаме дека овој Годишнен акциски план за борба против корупцијата ќе ја постигне целта да даде придонес во спречувањето на корупцијата во локалната самоуправа и дека ќе ја зајакне свеста за штетноста од коруптивното постапување.

## 1. ШТО Е КОРУПЦИЈА

Во најширока смисла на зборот, корупција е искористување на службената положба за приватни цели. Ова значи дека кога постои корупција вршењето на јавни овластувања и работи од јавен интерес добива карактер на вршење определени услуги само за оние граѓани што можат да ги платат.

Поединецот кој коруптивно се однесува, преку злоупотреба на својата положба се здобива со материјална или нематеријална корист (одредени поволности), која може да биде наменета за него или за некој друг. На овој начин, одредени лица недозволиво стекнуваат корист, додека на други им е отежнато остварувањето на некое право, кое инаку им следува по законски пат. Од корупцијата корист може да имаат две страни во еден однос, а штетата да биде последица по пошироката општествена заедница.

## 2. ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Меѓу позначајните се: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## 3. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА – ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

- Општина Велес не толерира коруптивно однесување односно: искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба, за остварување каква било корист за вработениот или негов близок. Исто така, Општина Велес не толерира каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.

- Градоначалникот и раководните структури на Општина Велес се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за

корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.

- Вработените во Општина Велес потпишуваат Изјава со која се обврзуваат да ја почитуваат политиката за интегритет на општината.
- Вработените во општинската администрација се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да и бидат лојални на својата организација, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за нејзиниот углед во јавноста без разлика дали се наоѓаат на работното место или не и тоа во секое време.
- Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција и/или друго неетичко однесување.
- Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба, на културен начин, да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во општината. При тоа, вработениот треба да ги појасни деталите, вклучително – времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.
- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.
- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во општината е должност на секого. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.
- Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во општината мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информираат овластеното лице во општината.
- На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.

- По анонимните пријави ќе се постапува само доколку содржат доволно податоци кои што ќе обезбедат утврдување на фактичка состојба.

- Во Оштина Велес е формирана Комисија за преземање активности за спроведување, следење и координација на воспоставениот систем на интегритет (работна група за интегритет).

- Работната група за интегритет редовно ќе одржува состаноци со раководителите и ќе спроведува обуки со цел да се појаснат штетните последици од корутпивното однесување. Истовремено ќе работи и на подигање на свеста на вработените за системот на интегритет во општината и негово доследно почитување. На овој начин Општина Велес превентивно ќе се бори против корупцијата.

- Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска политика, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува и кривична одговорност.

- По добивање на пријава за поткуп, корупција и судир на интереси, Работната група за интегритет ќе ги собере сите потребни информации за соодветниот случај и ќе испрати пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата во печатена форма или по електронски пат.

- Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела на полицијата, обвинителството или Државната комисија за спречување на корупција.

- Градоначалникот и раководтните структури на Општина Велес, врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина, го гарантираат правото на заштита од одмазда и закони кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување.

- Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени соодветни мерки за одговорност.

## 3. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОСЕТЛИВИ НА КОРУПЦИЈА

Активностите кои се идентификувани како осетливи на корупција по области, а за кои се определени соодветни мерки во акцискиот план, се следните:

- Јавни набавки
- Управување со човечките ресурси
- Инспекциски надзор
- Издавање на согласности и дозволи

## 4. ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Годишниот акциски план за антикорупција се фокусира на реализација на четири цели преку кои ми се намалила системската осетливост на корупција во рамките на Општина Велес, и тоа:

1) Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста во работењето;
2) Еднаков третман кон граѓаните во добивањето на услуги од страна на општинската администрација;
3) Воспоставување на механизми во рамките на општината кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
4) Воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените во општинската администрација со цел извршување на задачите на подобар и поквалитетен начин.

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број.** | **Активност** | **Носител на активностите** | **Временски рок** |
| 1. | Изработка на процедури за јавни набавки за сите процеси кои не се опфатени со Законот за јавни набавки и кои не се детално прецизирани, вклучувајќи го Годишниот план за јавни набавки | Вработени во Одделението за јавни набавки<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 2. | Јавно објавување на сите интерни процедури на веб страницата | Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 3. | Јавно објавување на веб страницата на општината на сите услуги, правила, процедури, ценовници, активности, извештаи и др. За сите јавни претпријатија и јавни установи | Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар<br><br>Директори на ЈП и ЈУ | Декември 2021 |
| 4. | Воведување на систем 72, во кој корисникот го пријавува својот проблем на едно место, и добива одговор во рок од 72 часа | Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар<br><br>Директори на ЈП и ЈУ | Декември 2021 |
| 5. | Анализа за можноста од воведување на систем за електронско следење на сите поднесени предмети во општината | Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 6. | Анализа на можноста за двосменско работење на | Раководител на Сектор за правни и општи работи | Декември 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Граѓанскиот сервис центар | Секретар | |
| 7. | Воспоставување на електронски регистар на сите работни места во јавните претпријатија и јавните установи | Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар<br><br>Директори на ЈП и ЈУ | Декември 2021 |
| 8. | Јавно објавување на годишниот извештај за работата на градежната инспекција | Раководител на Одделение за инспекциски надзор<br><br>Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 9. | Воспоставување на поблиска соработка на државните инспектори со општинските и увид во нивната работа | Раководител на Одделение за инспекциски надзор<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 10. | Воспоставување и јавно објавување на единствен регистар за општинскиот недвижен имот (земјиште, деловни објекти, згради и др.) | Раководител на Одделение за ИТ<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 11. | Потребно е да се пропише и обврска за објавување на информација колку и кои од пристигнатите предлози, идеи и барања на граѓаните се прифатени | Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 12. | Јавно објавување на сите здруженија на граѓани и невладини организации кои добиле средства од општината | Раководител на Одделение за финансиски прашања<br><br>Раководител на Одделение за јавни дејности<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 13. | Да се продолжи со обврската за контрола дали се запазени и дали апликантите ги исполнуваат критериумите за доделување средства да се од Велес | Раководител на Одделение за финансиски прашања<br><br>Раководител на Одделение за јавни дејности<br><br>Раководител на Сектор за | Декември 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | правни и општи работи<br><br>Секретар | |
| 14. | Потпишување на изјава за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс на административните службеници | Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 15. | Обука на вработените за различен делокруг на работни активности, како послесно би се реализирала замена во случај на отсутен вработен и потреба од неодложно завршување на определена обврска | Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |
| 16. | Континуирано следење на извршување на работните задачи од секој административен службеник | Одделение за човечки ресурси<br><br>Раководител на Сектор за правни и општи работи<br><br>Секретар | Декември 2021 |

Градоначалник

на Општина Велес

Аце Коцевски